**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *ОСНОВИ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕ СО ВЕТЕРИНАРСТВО*

**за I година**

***ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА***

**техничар за фармерско производство,ветеринарен техничар, хидромелиоративен техничар, лозаро-винарски техничар, техничар за хортикултура**

**Скопје, 2005 година**

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ОСНОВИ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕ СО ВЕТЕРИНАРСТВО

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил:

- техничар за фармерско производство
- ветеринарен техничар
- лозаро-винарски техничар
- техничар за хортикултура
- хидромелиоративен техничар

1.2.2. Струка: земјоделско-ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Стручно образование: заеднички предмет за струката

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Прва година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 4 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 144 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Наставниот предмет **основи на земјоделие со ветеринарство** ќе овозможи ученикот да стекне основни знаења и умеења за земјоделието и ветеринарството како примарни стопански дејности, да ја сфати општата поставеност и организација на земјоделските стопанства, како и на ветеринарните служби, да стекне основни сознанија за растителното и сточарското производство и за заштитата на здравјето на домашните животни и нејзиното значење за развојот на сточарството.

Посебните цели на овој предмет произлегуваат од општата цел, а се однесуваат на неговиот придонес за развојот на стручните способности и личниот развој на ученикот, а тоа се:

- да стекне основни знаења за растителното производство, посебно за поледелското, градинарско-цвеќарското, овоштарско-лозарското производство од аспект на неговата поставеност и организација и да се оспособи да врши поедноставни практични операции и работни задачи од овие подрачја;
- да стекне основни знаења и умеења за сточарското производство, за неговата поставеност и организација, посебно за работењето во краварството, свињарстовото, овчарството и живинарството и да се оспособи да врши поедноставни практични операции и работни задачи;
- да стекне теоратски знаења за земјоделската техника (машини за обработка, сеидба, заштита на растенијата и машините и уредите што се користат во сточарството) и да се оспособи да ракува со поедноставните машини, уреди и алат;
- да стекне основни знаења и умеења од областа на ветеринарството, неговата поставеност и организација, за заразните, паразитните и внатрешните болести кај домашните животни и заштитата од овие болести;
- да оформи правилни ставови и да се развие љубов кон земјоделието и ветеринарството како стопански дејности;
- преку пракитчното стручно оспособување да се формираат кај него правилни работни и хигиенски навики.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

Заради полесно совладување на содржините по предметот основи на земјоделие со ветеринарство потребно е учениците да поседуваат одредени предзнаења од општообразовните предмети посебно од подрачјето на биологијата, хемијата и физиката. Овие предзнаења ќе послужат учениците полесно да ги сфатат законитостите и процесите во растителното и сточарското производство и ветеринарството, како и за заштита на растенијата и домашните животни.

**4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**
**4.1. Структуирање на содржините за учење**

| ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ | БРОЈ НА ЧАСОВИ | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ | ДИДАКТИЧКИ НАСОКИ | КОРЕЛАЦИЈА МЕЃУ ТЕМАТСКИТЕ ЦЕЛИНИ И МЕЃУ ПРЕДМЕТИТЕ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **I. ЗЕМЈОДЕЛИЕТО И ВЕТЕРИНАРСТВОТО КАКО ПРИМАРНИ СТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ**<br>1. Стопански дејности<br>2. Земјоделието како стопанска дејност<br>3. Ветеринарна дејност<br>4. Земјоделието и ветеринарстовото и другите стопански дејности | **8** | - да стекне општи знаења за стопанските дејности и нивните поделби и го сфати местото на земјоделието и ветеринарстото во системот на стопанството во нашата земја;<br>- да стекне општи теоретски знаења за земјоделието и ветеринарството како стопански дејности;<br>- во системот на стопанските дејности да го сфати значењето, поврзаноста и меѓусебната завистост. | - Преку усно излагање и разговор со учениците да се формира општ поим кај нив за стопанството како важен општествен фактор;<br>- ја објаснува земјоделската дејност, посебно поставеноста и организацијата на поледелското, лозаро-овоштарското, градинарско-цвеќарското производство;<br>- ја објаснува врската и зависноста на земјоделието и ветеринарството со другите стопански гранки.<br>Користи: шема на стопанските дејности. | - Предзнаењата на учениците од производствено то и техничкото образование стекнато во основното училиште. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **II. РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО**<br>1. Растително производство<br>1.1. Значење, видови, обработка, ѓубрење, сеидба, плодоред<br>1.2. Одгледување на поважни поледелски култури и заштита | **56** | - Ученикот да стекне општи знаења за поледелското производство, обработка, ѓубрење, сеидба, плодоред, одгледување и заштита;<br>- да стекне практични умеења за одделните практични операции и работните задачи во поледелското производство | - Го објаснува значењето на поледелското производство;<br>- преку конкретни демонстрации изведува конкретни поледелски операции и задачи во однос на обработката, сеидбата, одгледувањето на поледелските култури.<br><u>Користи:</u> поледелски машини, алати, прибор и материјал.<br><u>Вежби:</u> поледелски работни задачи. | - Предзнаењата на учениците од биологијата (посебно од подрачјето на ботаниката);<br>- хемијата (делот за заштита на растенијата);<br>- хигиена на растителните продукти (предметот хигиена). |
| 2. Градинарско-цвеќарско производство<br>2.1. Значење, поважни култури, размножување: садење, одгледување и заштита. | | - да стекне знаења за поважните градинарско-цвеќарски производи и нивното одгледување и заштита;<br>- да умее да врши практични операции и задачи од ова подрачје, во однос на садењето, одгледувањето и заштитата на овие култури. | - Го објаснува значењето на градинарско-цвеќарското производство;<br>- преку конкретни демонстрации извршува конкретни практични операции и работни задачи од градинарско-цвеќарското производство;<br><u>Користи:</u> поледелски и градинарски прибор, , алати и материјал.<br><u>Вежби:</u> изведба на градинарско-цвеќарски вежби. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. Овоштарско-лозарско производство<br><br>3.1. Значење, видови, обработка, ѓубрење, размножување.<br>3.2. Садење, одгледување и заштита. | | - Ученикот да стекне општи знаења за овоштарското-лозарското производство;<br>- да го сфати значењето на ова производство;<br>- практично да изведува поедноставни работни задачи во однос на обработката на почвата, ѓубрењето, размножувањето, садењето и одгледувањето на овошјата и лозјата;<br>- да стекне знаења и умеења во однос на агротехничките мерки и заштита на овошјата и лозјата. | - Го објаснува значењето на овоштарското-лозарското производство, видовите, обработката, ѓубрењето и размножувањето;<br>- демонстрира и изведува практични операции и работни задачи;<br>- го поттикнува ученикот во извршувањето на вежбите и го вклучува во практичната работа во групи, парови и индивидуално;<br>- настојува да создаде љубов кон работењето. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **III. СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО**<br><br>1. Краварство | **30** | - Ученикот да стекне основни познавања за краварството, за одделните раси, начинот на исхрана и сместување;<br>- да врши основни практични операции и работни задачи за одгледување, нега и заштита на добитокот. | - Наставникот го објаснува значењето и технологијата на краварското работење;<br>- ги нагласува разликите и карактеристиките на одделни раси на крави;<br>- демонстрира и изведува практични операции и ги воведува учениците во нив.<br>Користи: прибор и материјал за краварство.<br>Вежби: работни задачи во краварството. | - Предзнаењата на ученикот од биологијата. (содржини од анатомија на домашните животни);<br>- хигиена и здравствено образование (содржините за хигиена на домашните животни);<br>- хемијата (содржините на хемиските средства за заштита на животните-инсектициди). |
| 2. Свињарство | | - Да стекне основни знаења за свињарството како сточарско производство;<br>- да прави разлики на одделните раси;<br>- да знае да ги заштитува и негува свињите. | - Го објаснува значењето, поважните раси, исхраната, сместувањето, негата и заштитата;<br>- демонстрира и практично го воведува ученикот во работењето.<br>Користи: средства, опрема и материјал за свињарство.<br>Вежби: работни задачи од свињарството. | |
| 3. Овчарство | | - Ученикот да стекне основни теоретски знаења и умеења за овчарството како сточарско производство; | - Го објаснува значењето, расите на овци и нивната меринизација, сместување, одгледување | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да изведе едноставни практични операции и работни задачи во однос на нивното одгледување и заштита. | и заштита;<br>- демонстрира и изведува практични работи.<br>Користи: алат, прибор и материјал за овчарство.<br>Вежби: работни задачи од овчарство. | |
| IV. **ЗЕМЈОДЕЛСКА ТЕХНИКА**<br><br>1. Погонски машини<br>1.1. Трактори<br>2. Машини за обработка на почва<br>2.1. Плугови, брани, култиватори<br>3. Машини за заштита на растенија<br>3.1. Прскалки, рапрашувачи<br>4. Машини и уреди во сточарство<br>4.1. Уреди за напојување, молзење, стрижење | **20** | - Ученикот да стекне основни теоретски знаења за разните видови на земјоделска техника;<br><br>- да ракува со поедноставната земјоделска техника;<br><br>- да стекне навика за одржување на земјоделската техника. | - Ги објаснува разните видови на земјоделската техника;<br>- практично оспособува преку демонстрации и непосредни изведби за функционирањето на земјоделската техника;<br>- постојано внимава на техничката заштита при користењето на земјоделската техника. | - Предзнаењата на учениците од физиката (механика, термодинамика и електрицитет). |
| V. **ВЕТЕРИНАРСТВО**<br><br>1. Значење и улога на | **30** | - Ученикот да стекне основни сознанија за ветеринарството како дејност; | - Го објаснува значењето на ветеринарството и го наглесува неговиот | - Биологија (подрачје зоологија); |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ветеринарството за развојот на сточарското производство<br><br>2. Ветеринарни служби<br><br>3. Болести кај домашните животни<br>3.1. Паразитни болести<br>3.2. Внатрешни болести<br>3.3. Заразни заболувања<br>3.4. Хируршки болести и интервенции<br><br>4. Фармакологија во ветеринарството<br>4.1. Лекови<br>4.2. Анестетици<br>4.3. Зоохигиенски мерки<br><br>5. Превенција<br>5.1.Превентивни средства и мерки | | - да гп сфати значењето на ветеринарството за развој на сточарството;<br>- да добие основни сознанија за ветеринарните служби и да ја разбере нивната основна задача;<br>- да ги знае најважните болести кај животните и ги сфати нивните карактеристики;<br>- да стекне основни знаења за препаратите што се употребуваат при лечење на домашните животни и да прави разлики помеѓу нив;<br>- да ги применува зоохигиенските мерки при работата со домашните животни. | придонес за развојот на сточарството;<br>- преку непосредни набљудувања ја објаснува дејноста на ветеринарните служби;<br>- го запознава ученикот со одделни болести кај домашните животни и накусо ги објаснува нивните карактеристики;<br>- преку демонстрации накусо го запознава со најосновните препарати што се користат при лечењето на болестите кај домашните животни;<br>- ги објаснува и практично ги демонстрира зоохигиенските мерки и го поттикнува ученикот истите да ги применува.<br><u>Користи:</u> алат и прибор што се користи во ветеринарството, слики, цртежи, фармаколошки препарати, материјал за зоохигиенска заштита.<br><u>Вежби:</u> работни задачи од мерките за зоохигиенска заштита, практични операции за примена на преве. мерки и средства. | - хигиена и здравствено воспитание, (хигиенска заштита во сточарството);<br>- хемија (содржини поврзани со фармакологијата и заштитата). |

## 4. 2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по овој предмет имаат теоретско-стручен карактер, а имаат и практично значење, поточно треба да се реализираат преку практични операции и работн задачи. Поради тоа во наставниот процес е потребна примена на разновидни наставни методи. Така, покрај фронталните предавања потребно е работа со учениците во групи, парови и индивидуално. Освен тоа, постојат можности од примена разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија, работа на текст, практична работа на учениците и сл.

Преку успешната примена на наставните форми и методи треба да се обезбеди оптимално можно активно учество на учениците, поточно тие да: слушаат, дискутираат, прибележуваат, го повторуваат градивото, вежбаат, вршат непосредни практични операции и работни задачи, односно ги применуваат стекнатите знаења во пракитка, ги откриваат природните законитости, изработуваат домашни задачи и самостојно се образуваат.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира својата воспитно-образовна работа, а притоа преку усни излагања, објаснувања, демонстрирања, проверувања и оценувања на постигањата на учениците ги остварува целите на овој предмет со што ги поттикнува учениците на когнитивно, психомоторно и афективно однесување.

## 4. 3. Организација и реализација на наставниот предмет

Наставата по предметот основи на земјоделие со ветеринарство се остварува преку стручно-теоретски предавања кои ќе се реализираат во училници, кабинети и работилници. Покрај теоретските предавања треба да се изведуваат вежби, практични операции и работни задачи во училишните економии и соодветните стопанства вон училиштето. Притоа, потребно е реализирањето на наставата да се остварува преку блок часови за вежби со учениците во групи, парови и индивидуално.

## 4. 4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес треба да се користат разновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, филмови, дијафилмови, телевизиски снимки, графоскоп, текст, земјоделска техника (машини и придружна техника), алат, материјал, земјоделски продукти, хемиски средства, заштитни средства и опрема и сл.).

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашните задачи, оценување на практичните способности на учениците при вршење на вежбите, практичните операции и работни задачи, преку изготвување на раферати и други писмени извештаи, концепти и сл.

Во текот на учебната година учениците се оценуваат со осум оценки, поточно за секое тромесечје по две, а се утврдуваат и полугодишни и годишни оценки.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата се постапува согласно законската регулатива за средното образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6. 1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е физички и психички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да го знае македонскиот јазик, да нема говорни маани, да стекнал соодветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6. 2. Стандард за наставен кадар

Наставниот кадар треба да има завршено студии по:
- земјоделие;
- ветерина;
- да има здобиено педагошка, психолошка и методаска подготовка.

### 6. 3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата по овој предмет, тој треба да се реализира во училница, училница-работилница, кабинет и лабораторија, во училишната економија и просториите во нејзините придружни објекти, како и во соодветни простории во земјоделските стопанства и ветеринарните служби.

Придружни елементи:

- вообичаен инвентар: клупи, столчиња, табли, плакари за чување на наставни средства и материјали, лавабоа;
- графоскоп;
- телевизор, видео и касетофон;
- стручна литература;
- прибор, алат и машини за работа во растирелно и сточарско производство и сл. ;
- материјали за заштита при работата.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7. 1. Датум на изработка:** мај 1999 година

**7. 1. Датум на преземање:** јуни 2005 година

**7. 3. Состав на работната група:**

1. м-р Киро Петров, самостоен педагошки советник при Педагошкиот завод на Македонија, раководител
2. м-р Соња Ивановска, доцент при Земјоделскиот факултет - Скопје
3. м-р Милош Несторовски, дипл. земјоделски инженер, поранешен наставник во УСО "Моша Пијаде" - Тетово
4. Јасмина Максимовска, наставник при УСО "Моша Пијаде" - Тетово
5. Марија Петровска, наставник при УСО "Браќа Миладиновци" - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09. 2005 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***основи на земјоделие со ветеринарство*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број 11-4189/2 од 19.07.2005 година.